Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за социјална заштита -

Архивски број:10- 2990/2
Датум:16.04.2020

16 04 2020

До: Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените
Ул. Максим Горки 20/1-4, Скопје

Предмет: Одговор на барање

Предмет: Известување

*Почитувани,*

Согласно извадокот од Дваесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за безбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID 19, одржан на 15 април 2020 година, Министерството за труд и социјална политика Ве известува дека се преземени следните мерки и активности:

- На територијата на Општина Шуто Оризари, опфатени се 140 лица кои се во социјален ризик добиваат оброк во народната кујна, согласно мерките на Владата на Република Северна Македонијаза COVID 19. Оброкот се дели како и претходно, секој ден. Лицата кои ја делат храната се опремени со заштитна опрема, исто така и корисниците на народната кујна ја почитуваат препораката од 2 метри оддалеченост. Нагласено е почесто да се прави дезинфекција на возилата со кои се пренесува храната.

- Министерството за труд и социјална политика во овој период активно и координирано со нашите партнери ја следи ситуацијата и во периодот што следи ке продолжи презема конкретни мерки и активности, се со цел да се помогне на најранливите категории на граѓани на целата територијата на Република Северна Македонија. Во овој период е особена важна грижата за најранливите семејства особено оние кои живеат во субстандардни услови и на

територијата на Општина Шуто Оризари. Преку центрите за социјална работа беа обезбедени и дистрибурирани над 600 пакети со заштитни и хигиенски средства за овие семејства. Со овие активности продолжуваме и понатаму односно со поддршка на УНИЦЕФ обезбедени се пакети со хигиенски и заштитни средства за семејствата кои живеат во субстандардни услови, поточно и тоа: 1000 пакети со хигиенски продукти за семејства во Општина Шуто Оризари.

- Со утврдувањето на постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија, се јави потреба од донесување на Уредба со законска сила за измена на примената на Законот за социјалната заштита, која Владата на Република Северна Македонија ја усвои на 2 април 2020 година. Со оваа уредба се овозможува лицата и нивните домаќинства кои останале без проход, следниот месец да можат да поднесат барање за остварување на право на гарантирана минимална помош, односно материјалната необезбеденост се утврдува од вкупната просечна висина на приходите на сите членови на домаќинството по сите основи во месецот пред поднесување на барањето, при што паричниот додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството продолжува и за месеците април и мај 2020 година.

- Министерството за труд и социјална политика во координација со локалната самоуправа во Општина Шуто Оризари и Министерството за здравство, известува дека на територијата на општината нема регистрирано заболени лица од COVID 19, поради тоа во овој моментот нема потреба од обезбедување на посебни објекти за изолација. Состојбата и понатаму ќе се следи и ќе се преземат сите потребни превентивни мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID 19.

- Министерството за труд и социјална политика за домаќинствата кои останале без приходи или биле дел од неформалната економија за правото на гарантирана минимална помош (ГМП) за добивање минимална гарантирана помош, материјалната необезбеденост ќе се утврдува врз основа на вкупната

просечна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи, сметано од последниот месец, наместо досегашните три месеци.

- Износот на правото зависи од бројноста и структурата на домаќинството и се движи од 4.000 денари за едночлено домаќинство до 10.000 денари за домаќинство сочинето од 5 возрасни членови.

- Домаќинствата кои користат гарантирана минимална помош, ќе остварат и паричен додаток од 1.000 денари заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството и за месеците април и мај 2020 година.

***Со почит,***

**Министер,**
**Gjonul Bajraktar**

Изработил:м-р Л.Штерјов
Одобрил:С.Спасовска